**20250390943**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 февруари 2025 година.

Бр. 08-946/1
13 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) во член 22 во ставот (9) зборовите: „но најдолго уште 12 месеци” се заменуваат со зборовите:„ но најдолго уште 24 месеци“.

Член 2

Во член 42 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) За изработување на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точки 4 и 5 и урбанистичкиот проект од членот 58 ставови (6) и (8) од овој закон, со кои се предвидува изградба на ветерници или фотонапонски панели за производство на електрична енергија, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање издава услови за планирање на просторот со донесување на решение за услови за планирање на просторот со рок на важност од:

- две години од правосилноста на решението со кое се издадени условите за планирање на просторот за изработување на урбанистичкиот проект од членот 58 ставови (6) и (8) од овој закон и
- три години од правосилноста на решението со кое се издадени условите за планирање на просторот за изработување на урбанистички план вон населено место и урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.”.

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „ставот (1)” се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)”.

Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите: „ставот (1)” се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)”.

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: „ставот (1)” се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)”.

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Во ставот (7) кој станува став (8) зборовите: „ставот (2)” се заменуваат со зборовите: „ставот (3)”.

Во ставот (8) кој станува став (9) зборовите: „ставот (4)” се заменуваат со зборовите: „ставот (5)”, а зборовите: „ставот (1)” се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)”.

Во ставот (9) кој станува став (10) зборовите: „ставот (8)” се заменуваат со зборовите: „ставот (9)”, а зборовите: „ставот (2)” се заменуваат со зборовите: „ставот (3)”.

Ставовите (10), (11) и (12) стануваат ставови (11), (12) и (13).

Член 3

Во член 48 ставот (2) се менува и гласи:

„Стручната ревизија за урбанистичките планови од членот 10 став (1) точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон, ја изработува правно лице што ги исполнува условите за вршење на работите за изработување на стручна ревизија согласно со овој закон, а за урбанистички планови за подрачја и градби од државно значење, како и урбанистички планови и урбанистичките проекти финансирани од годишната програма од членот 41 од овој закон, ја изработува комисија, којашто ја формира министерот надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.”.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Комисијата од ставот (2) на овој член која ја изработува стручната ревизија за урбанистичките планови за подрачја и градби од државно значење, како и урбанистичките планови и урбанистичките проекти кои се финансирани од годишната програма од членот 41 од овој закон, треба да има најмалку пет члена, а комисијата од правното лице која ја изработува стручната ревизија за останатите урбанистички планови треба да има најмалку три члена.”.

Член 4

Во член 54 ставот (1) се менува и гласи:

„Земјиштето во планскиот опфат на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точки 1, 3, 4 и 5 од овој закон, добива статус на градежно земјиште со донесувањето на планот, а земјиштето во проектниот опфат на урбанистичките проекти од членот 58 ставови (6) и (8) од овој закон, добива статус на градежно земјиште со нивното одобрување.

Ставот (4) се брише.

Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Во ставот (8) кој станува став (7) зборовите: „став (7)” се заменуваат со зборовите: „став (6)”.

Член 5

Во член 62 во ставот (4) по зборовите: „стручната ревизија” се додаваат зборовите: „на урбанистичкиот проект”.

Член 6

Во член 95 во ставот (3) зборовите: „во рок од пет години” се заменуваат со зборовите: „во рок од 10 години”.

Член 7

(1) Условите за планирање на просторот за изработување на урбанистички проект од членот 58 ставови (6) и (8) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) за изградба на ветерници или фотоволтаични плантажи односно фотонапонски панели за производство на електрична енергија на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, издадени со донесените правосилни решенија за планирање на просторот до денот на влегувањето во сила на овој закон, а за кои урбанистички проекти не е завршена постапката за одобрување, престануваат да важат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Условите за планирање на просторот за изработување на урбанистички план вон населено место и урбанистички план за подрачја и градби од државно значење од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) за изградба на ветерници или фотоволтаични плантажи, односно фотонапонски панели за производство на електрична енергија на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, издадени со донесените правосилни решенија за планирање на просторот до денот на влегувањето во сила на овој закон, а за кои урбанистички планови не е завршена постапката за донесување, престануваат да важат во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) За условите за планирање на просторот за изработување на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точки 4 и 5 и урбанистичкиот проект од членот 58 ставови (6) и (8) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) за изградба на ветерници или фотоволтаични плантажи, односно фотонапонски панели за производство на електрична енергија на земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија и сопственост на правни и/или физички лица, издадени со донесените правосилни решенија за планирање на просторот до денот на влегувањето во сила на овој закон, а за кои урбанистички планови не е завршена постапката за донесување, односно за кои урбанистички проекти не е завршена постапката за одобрување во делот на земјиштето кое е во сопственост на Република Северна Македонија, се применуваат одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 8

Земјиштето кое е опфатено со проектниот опфат на урбанистичките проекти од членот 58 ставови (6) и (8) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), одобрени до денот на влегувањето во сила на овој закон, се смета за градежно земјиште.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.